59057



### СКОПЈЕ ЈА БАТАЛИ ИСТОРИЈАТА

# Обезглавени споменициите во Градски парк

**Градот и Министерството за култура ќе прават попис на спомениците за да утврдат кој во чија надлежност се, преку што ќе утврдат и кој треба да се грижи за одржувањето**

Уништени споменици на истакнати личности од нашата историја и култура со години наназад го нагрдуваат изгледот на Градски парк. Спомениците се обезглавени и од нив се останати се само постаментите. Дури и тие на некои места се турнати во тревата. Единствено споменикот на Крсте П. Мисирков е цел и стои меѓу уништените споменици на Никола Вапцаров, Орце Николов, Цветан Димов, Кочо Рацин и на други.

Законот за спомен-обележја и меморијални споменици од 2004 години пропишува дека државата е надлежна за поведување иницијатива, изградба и одржување на меморијалните споменици, а локалната самоуправа е одговорна за споменобележјата од локално значење. Проблем за одржување на спомениците во Градскиот парк, како што велат од Градот, е тоа што не постои документација за тој кој ги поставил и кој е надлежен за нивно одржување. За да се реши овој проблем, Градот Скопје планира, заедно со Музејот на Град Скопје, Управата за заштита на спомениците, Музејот на современа уметност и со Министерството за култура годинава да направат попис на спомениците и да утврдат кој од нив во чија надлежност е, за да се одреди и кој понатаму ќе се грижи за нивно одржување.

"Откако ќе се изврши пописот, Градот Скопје ќе преземе активности за одржување и уредување на спомениците кои се во негова надлежност", изјавија од одделението за односи со јавност во град Скопје.

*(М.Ѓ.)*




*Спомениците им се под нос на градските власти, но тие не се погрижија ниту да ги кренат оние што се паднати*